# ПОЛИТИКА
## за наградување на вработените, раководните лица и членовите на Управен Одбор во АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## за наградување на вработените, раководните лица
## и членовите на Управен Одбор во
## АЛКАЛОИД АД Скопје

---

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а во врска со член 146 од истиот, на предлог на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје согласно неговите надлежности утврдени во член 91 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 29.12.2022 година, ја донесе следната:

# ПОЛИТИКА за наградување на вработените, раководните лица и членовите на Управен Одбор во АЛКАЛОИД АД Скопје[1]

## 1. Вовед

Тргнувајќи од стратешките цели на АЛКАЛОИД АД Скопје за привлекување и задржување на најдобрите кадри во компанијата, за доследно вреднување на ангажманот и заслугите на вработените, раководните лица и членовите на Управниот Одбор врз мериторна основа, како и за примена на највисоките светски практики во однос на деловното работење, АЛКАЛОИД АД Скопје ја донесува оваа Политика за наградување и утврдување на придонесот од работа за вработените, раководните лица и членовите на Управниот Одбор во АЛКАЛОИД АД Скопје (во понатамошниот текст: Политика).

За примена на Политиката во организационите единици во состав на АЛКАЛОИД АД Скопје, раководните лица во истите заедно со корпоративните надлежни служби утврдуваат методологија за наградување што ги вклучува критериумите, основите и целите неопходни за оценување и мерење на учинокот во зависност од природата на работата во секоја единица. Методологиите предложени од организационите единици се одобруваат од страна на Генералниот директор.

Оваа Политика се применува и на капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје во земјата и странство каде е применлива, а се регулира во секое од друштвата преку утврдување и усвојување методологија/методологии за наградување на вработени и раководни лица од страна на директорот на конкретното друштво заедно со корпоративните надлежни служби.

Оваа Политика ги отсликува одредбите од Статутот на Друштвото, но и се базира на позитивните законски прописи, пред се Законот за трговски друштва и Законот за работни односи, како и соодветните прописи применливи за капитално поврзаните друштва.

Доколку дојде до измена на одреден задолжителен законски или подзаконски акт, при што одредбите од оваа Политика би биле во спротивност од одредбите на задолжителниот законски или подзаконски акт, одредбите од соодветните прописи ќе имаат директна примена. Во таков случај, АЛКАЛОИД АД Скопје ќе пристапи кон измена на оваа Политика во најкусо можно време.

## 2. Правила и основи за утврдување на наградата и придонесот од работата на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје

Утврдувањето на наградата и придонесот од работата во АЛКАЛОИД АД Скопје може да се реализира по две основи.
И двете основи за наградување можат да ги користат капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје или организационите единици во АЛКАЛОИД АД Скопје.
Првиот основ вклучува наградување врз основа на методологија која се базира на систем на мерни индикатори и месечно, квартално, полугодишно или годишно мерење на учинокот и соодветно наградување базирано на методологијата обработена во однос на соодветна група вработени и согласно природата на работата.

Вториот основ, во отсуство на методологија и систем на мерни индикатори, вклучува можност одговорните лица по сопствена проценка да предложат месечна награда на вработен во својата организациона единица заради одредени квалитативни или квантитативни перформанси. Ова е регулирано со дополнителен акт одлука која ја донесува Генералниот директор, со важност за периодот кога се врши наградувањето.

## 3. Правила и основи за утврдување на наградата и придонесот од работата на Раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје

Политиката за утврдување на наградата и придонесот од работата на Раководните лица во АЛКАЛОИД АД Скопје се темели на принципите на привлекување, мотивирање и задржување на квалификувани професионалци со цел промовирање на одговорно и рационално управување со ризиците односно спречување на преземање на големи ризици кои ги надминуваат границите на прифатлив ризик за АЛКАЛОИД АД Скопје.
Политиката има за цел да обезбеди конкурентни награди и бенефиции на раководните лица согласно стандардните во индустријата и да ги задржи врвните перформери кои имаат најголем придонес во растот и развојот на компанијата.
Односите со Раководните лица се регулираат со посебни договори кои се склучуваат согласно Законот за трговските друштва и во истите се регулираат сите права вклучувајќи ги правата на наградување и бенефициите, како и сите обврски согласно овластувањата наведени во овие договори со секое Раководно лице посебно.
Правото на исплата на наградите за секое Раководно лице се утврдува со одлука на Управниот одбор.
Управниот одбор е одговорен за контрола на висината на наградите на сите Раководни лица при што ги презема сите неопходни чекори со цел заштита на интересите на АЛКАЛОИД АД Скопје.

## 4. Правила и основи за утврдување на наградата и придонесот од работата на членовите на Управен одбор во АЛКАЛОИД АД Скопје

Политиката за утврдување на наградата и придонесот од работата на членовите на Управен одбор во АЛКАЛОИД АД Скопје се темели на принципите на привлекување, мотивирање и задржување на квалификувани професионалци со цел промовирање на одговорно и рационално управување со ризиците односно спречување на преземање на големи ризици кои ги надминуваат границите на прифатлив ризик за АЛКАЛОИД АД Скопје.
Односите со членовите на Управен одбор се регулираат со посебни договори кои се склучуваат согласно Законот за трговските друштва и во истите се регулираат сите права вклучувајќи ги правата на наградување и бенефициите, како и сите обврски согласно овластувањата наведени во овие договори со секој член на Управен одбор посебно.
Правото на исплата на наградите за секој член на Управен одбор се утврдува со одлука на Надзорниот одбор.
Надзорниот одбор е одговорен за контрола на висината на наградите на сите членови на Управен одбор при што ги презема сите неопходни чекори со цел заштита на интересите на АЛКАЛОИД АД Скопје.

## 5. Останати одредби

**5.1 Неисплаќање на награда или враќање на веќе исплатена награда**
Во случај на економска несигурност или останати вонредни околности кои би можеле да го загрозат успешното работење и стабилноста на Друштвото, Друштвото може да не ја додели наградата на вработените, раководните лица и членовите на Управен одбор или да го одложи нејзиното доделување додека не престанат таквите исклучителни околности.
Друштвото има право да не исплати награда на вработен, раководно лице или член на Управен одбор доколку тие сториле груба повреда на внатрешните акти на Друштвото или законските прописи, предизвикале нарушување на угледот на Друштвото или материјална или нематеријална загуба на Друштвото.

**5.2. Индивидуална ад-хок награда**

Доколку некој вработен, раководно лице или член на Управен одбор, согласно неговата индивидуална заслуга која што не е опфатена со оваа Политика, создаде значително поголем придонес кон неговата работа надвор од рамките кои што се предвидени со оваа Политика, како и во случај на деловна успешност на Друштвото, Генералниот директор на Друштвото во однос на вработените и Раководните лица, а Надзорниот одбор на Друштвото во однос на членовите на Управниот одбор, има право да предвиди награда која што ќе кореспондира со индивидуалниот придонес на конкретното лице кон неговата работа како и придонесот на неговата работа кон успешноста на Друштвото.

## 6. Завршен дел

Одредбите на Политиката се во важност се додека Управниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје не донесе одлука за изменување и/или дополнување на Политиката.
Политиката, како и нејзините измени и дополнувања, се предлага од страна на Надзорниот одбор, а се усвојува од Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.
Оваа Политика стапува на сила и ќе започне да се применува од 01.01.2023.

[1] Оваа верзија на Политиката за наградување на вработените, раководните лица и членовите на Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката за наградување на вработените, раководните лица и членовите на Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ